и6505

ДНЕВНИК, ПОНЕДЕЛНИК, 10 АПРИЛ 2000 1224, 3

ПО ИНИЦИЈАТИВАТА НА КЛИМОВСКИ

# Кабинетот на Трајковски нема против да се исели од Собранието

Кабинетот на шефот на државата смета дека иницијативата на претседателот на Собранието Саво Климовски, со која тој бара од Владата да се изгради или да се адаптира на едно место работен простор и резиденција за првиот човек на државата, е „многу прифатлива и разумна".

Во Кабинетот истакнуваат дека институциите претседател на државата и претседател на Парламентот имаат различен систем на работа и поради тоа е разбирливо да функционираат одвоено.

Таму енергично ги демантираат написите на некои медиуми дека Климовски решил да го исели Борис Трајковски од собраниската палата.

- Во иницијативата не гледаме политичка пресметка ниту пак некаква заднина. Не разбираме зошто иницијативата се толкува како сигнал за некаква кавга во коалицијата или пак за несогласување меѓу двете државни институции - велат во Кабинетот на Трајковски.

Факт е дека Кабинетот на шефот на државата е „потстанар" во Парламентот. Климовски се обраќа до Владата, затоа што таа е надлежна за резиденцијалните објекти, велат во кабинетот на претседателот.

Според наши информации, Борис Трајковски не би имал ништо против ако резиденцијалниот објект во кој би бил сместен се наоѓа на Кале, поточно во Музејот на современата уметост.

Неодамнешната иницијатива на Климовски не е и прва. Тој уште во почетокот на минатата година, кога претседател на државата беше Киро Глигоров, со писмо до премиерот Георгиевски предложи резиденцијата и работните простории на шефот на државата да се преселат на Кале.

(J.A.)